Архивски број: 08-633/1
24.07.2026 година

Постапувајќи по претставка бр. 08-769/1 од 31.10.2025 година поднесена од -----, за извршена дискриминација врз основ на возраст во областа на култура и пристап до добра и услуги, против НУ -----, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација врз основа на член 21, став 1, точка 14 од Законот за спречување и заштита од дискриминација (Службен Весник на Република Северна Македонија бр. 258/2020 од 30.10.2020) го донесе следното:

М И С Л Е Њ Е

НЕ СЕ УТВРДУВА ДИРЕКТНА ДИСКРИМИНАЦИЈА врз основ на возраст во областа на култура и пристап до добра и услуги од страна на НУ ----- врз -----.

О Б Р А З Л О Ж Е Н И Е

До Комисијата за спречување и заштита од дискриминација поднесена е претставка бр. 08-769 од 31.10.2025 година, од ----- – -----, за сторена дискриминација врз основ на возраст во областа на култура и пристап до добра и услуги, од страна на НУ -----.

Во претставката се наведува дека ----- – ----- е организатор на детскиот фестивал „-----“ кој во 2022, 2023, 2024 и 2025 година се одржувал во салата на -----, за што подносителите потпишувале договор за закуп со установата. Оттука, наведуваат дека секогаш одговорно се однесувале кон имотот на салата и од страна на раководството на НУ ----- немало ниту една примедба, ниту била причинета некаква штета. Во оваа насока, наведуваат дека при одржувањето на фестивалот во 2025 година, било констатирано дека во гледалиштето за публика е скршено една столче. Следствено на ова, се наведува дека при писмено барање за користење на салата на НУ ----- за одржување на детскиот фестивал во 2026 година, им бил доставен одговор дека барањето се одбива врз основа на одлука со која се забранува изнајмување на салата за детски фестивали, при што како причина било наведено скршеното столче.

Во врска со претходно наведеното, во претставката се истакнува дека на ваквиот начин се прејудицира дека и во иднина на следен фестивал повторно би се причинила материјална штета, при што во договорите за закуп стоело дека секоја штета ја подмирува закупецот, а никаде не стои дека тоа е услов за неиздавање на салата во иднина. Оттука, се наведува дека на директорот на установата му било понудено да се плати скршеното столче за да се отстрани пречката за изнајмување на

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI

ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia

+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

салата за конкретниот детски фестивал, организаторите биле одбиени и биле информирани дека салата не е соодветна за деца и детска публика и затоа одлуката на УО на установата била донесена.

На крајот на претставката, се наведува дека ваквото постапување ги дискриминира подносителите како организатори на детски фестивал, како и децата како публика бидејќи прејудицира дека децата како публика би причинувале штета на салата во иднина.

Во прилог на претставката беа доставени договорот за закуп на предметната сала и известувањето за одлуката за забрана за издавање на истата за детски фестивали.

Комисијата за спречување и заштита од дискриминација согласно член 24 став 7 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, на ден 7.11.2025 година испрати Известување бр. 08-769/2 за произнесување по наводите од претставката до НУ -----.

На ден 27.11.2025 година до Комисијата за спречување и заштита од дискриминација пристигна произнесување од страна на НУ -----, заведено под арх. број 08-769/3, како одговор на наводите истакнати во претставката за заштита од дискриминација.

Во даденото произнесување целосно се отфрлаат наводите за сторена дискриминација, при што се наведува дека установата има право самостојно да утврди дали ќе врши изнајмување на делови од конкретниот објект, по која цена и за која цел. Оттука, се истакнува дека подносителите на претставката не се единствени организатори на детски фестивал кој бил организиран во НУ ----- при чија реализација настанала штета, следствено на што и не се единствените организатори на кој не им било дозволено да го организираат повторно детскиот фестивал при објектот на установата. Во оваа насока, наведуваат дека во 2022 година, при одржување на друг детски фестивал биле констатирани повеќе неправилности во користењето на просторот, како што се неправилно користење на тоалетите, оштетување на ѕидови, флекање на подот со разни течности, кршење на 14 столчиња во рамките на гледалиштето и останати штети, поради што била донесена одлука со која се забранило понатамошно одржување на конкретниот детски фестивал во салата на установата. Во оваа насока, се наведува дека во 2025 година, на подносителите им било овозможено да го закупат просторот на салата на установата со цел организација на детскиот фестивал. Притоа, по завршувањето на една од претставите на фестивалот, од страна на стручната служба на установата било утврдено дека едно од столчињата во гледалиштето било видно оштетено и вон употреба, следствено на што биле информирани подносителите на претставката, за што и бил изготвен и записник.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Оттука, се повикуваат на тоа дека во конкретниот случај постапиле исто како и во случајот со другиот детски фестивал.

Во однос на наводите дека установата ги дискриминира децата, наведуваат дека поради организацијата на ваквите детски фестивали, честопати резултираат со оштетување на инвентарот и просторот на установата. Дополнително, се истакнува дека цената на 1 столче за публика чини 71.248 денари и е од шпанско производство, при што ваквите столчиња се изработени од акустични материјали и доколку истите се оштетат до состојба да треба да се заменат, тоа има значителни финансиски и логистички импликации врз буџетот на установата, од причина што предметниот производ не е достапен на македонскиот пазар и за неговата набавка се спроведуваат посебни постапки. Во оваа насока, во произнесувањето се наведува дека поради претходно наведеното, установата е на став дека треба да се заштити инвентарот со цел да се избегнат или ограничат идни оштетувања.

Во однос на наводите дека установата прејудицира во однос на идните евентуални оштетувања, истите се отфрлаат како неосновани, истакнувајќи дека установата им аправо да ги преземе сите потребни дејствија со цел да го заштити државниот имот кој ѝ е даден во владение. Оттука, се истакнува дека предметната забрана не се однесува на децата кои се редовна публика и на концертите на НУ -----, туку забраната се однесува на организаторите кои реализираат конкретен тип на настани.

Дополнително, од НУ ----- истакнуваат дека споредбата на детските концерти од редовната годишна програма на ----- и детските фестивали не е соодветна поради повеќе причини и тоа: фактот што установата емитува 4 или 5 детски концерти во текот на една концертна сезона во траење од 9 месеци, а не 5 концерти во еден ден како тие организирани од подносителите на претставката и организации од сличен тип. Во продолжение на ова, се наведува дека на првонаведените концерти настапуваат професионални возрасни музичари, актери и пејачи, а не деца, при што во текот на еден ден се одржуваат максимум 2 концерта, со различна публика и времетраење од 45-50 минути. Крајно, се истакнува дека станува збор за поединечни концерти, а не фестивал.

Во прилог на произнесувањето е доставена одлуката за забрана на користење на простор во НУ ----- на друг организатор на детски фестивал, записник за оштетен инвентар во Голема концертна сала за време на фестивалот организиран од страна на подносителите и претходните склучени договори за закуп на простор.

Земајќи ги предвид наводите во претставката, наводите истакнати од страна на подносителката и произнесувањето по истата, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација утврди дека не станува збор за извршена дискриминација од страна на НУ ----- врз -----.

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

Имајќи ги предвид наводите во претставката согласно кои подносителите се жалат дека со донесената одлука за забрана за издавање на простории во рамките на НУ ----- за цел организација на детски фестивали, Комисијата ги ценеше наводите од претставката, како и одговорот даден во произнесувањето согласно кој ваквата одлука била донесена поради повеќе наврати на оштетување на инвентарот на установата за време на организирани детски фестивали, при што по утврдените оштетувања, била донесена ваква одлука со цел зачувување на инвентарот и спречување на идни оштетувања.

Оттука, Комисијата констатира дека во конкретниот случај не е исполнета законската дефиниција за дискриминација која согласно член 6 од Законот за спречување и заштита од дискриминација гласи:

"Дискриминација е секое разликување, исклучување, ограничување или давање првенство што се заснова на дискриминаторска основа, со сторување или несторување, што имаат за цел или резултат спречување, ограничување, признавање, уживање или остварување на правата и слободите на одредено лице или група на еднаква основа со други. Ова ги опфаќа сите форми на дискриминација вклучително и оневозможување на соодветно приспособување и оневозможување на пристапност и достапност на инфраструктурата, добрата и услугите."

Ценејќи го образложението на НУ ----- во произнесувањето, ваквата мерка има генерален карактер и се однесува на сите субјекти кои организираат ваков тип на детски фестивали, каде ризикот од оштетување на имотот бил предочен и во претходни инстанци на одржување на конкретниот тип на фестивали, следствено на што и одлуката е пропорционална со целта која истата треба да ја постигне – превенција на дополнителни материјални штети. Притоа, истата не е со цел оневозможување на пристапот ма децата како публика до концертите и фестивалите кои се организираат во НУ -----, во кои се вклучени и детските фестивали во организација на НУ -----.

Оттука, ценејќи ја претставката и образложението дадено во произнесувањето по наводите од претставката, Комисијата не утврди нееднаков третман и дискриминација кон подносителите на претставката ----- – ----- врз основа на возраст од страна на НУ -----.

Согласно надлежностите од член 21 од Законот за спречување и заштита од дискриминација, а во врска со член 27 став 1 од истиот Закон, врз основа на погоре

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk

изнесеното, Комисијата за спречување и заштита од дискриминација одлучи како во диспозитивот на мислењето.

Комисија за спречување и заштита од дискриминација
Претседател на Комисијата
Душан Томшиќ

КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ
И ЗАШТИТА ОД ДИСКРИМИНАЦИЈА
KOMISIONI I PARANDALIMIT
DHE I MBROJTJES NGA DISKRIMINIMI
ул. Даме Груев 1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Dame Gruev 1, 1000 Skopje, Republic of North Macedonia
+389 23232368;
+389 23216892
www.kszd.mk
contact@kszd.mk